ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 21-132/9**

**Дата: 15.10.2012**

ДО
НУ НУБ „СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - СКОПЈЕ

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Национална установа – Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ – Скопје ( во натамошниот текст НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје) на сметката на основен буџет (603-15), за 2011 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Ревизијата не изрази мислење за реалноста и објективноста на искажаните позиции во Билансот на состојба на ден 31 декември 2011 година, поради неизвршен целосен попис на постојаните средства и на дел од побарувањата, а за резултатот од финансиските активности за 2011 година, ревизијата изрази позитивно мислење.

За прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива ревизијата изрази негативно мислење, поради не извршен попис согласно законската регулатива, извршени плаќања на комунални услуги за други потрошувачи и утврдени слабости во постапките за јавни набавки на материјали.

Со цел подобрување на состојбата ревизијата препорачува да се организира попис на средствата со кои располага Библиотеката на начин утврден со законските и подзаконските акти, да се изврши разграничување на трошоците за комунални услуги на другите потрошувачи за кои Библиотеката ги плаќа овие услуги и да евидентира побарувања за соодветниот дел кој им припаѓа на потрошувачите. Набавките на материјали и услуги да се вршат согласно утврдените постапки со Законот за јавни набавки.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор
1.________________
2.________________ ______________________

## 1. Вовед

1.1 Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 11 до 13 заедно со ревизија на усогласеност на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје на сметката на основен буџет за 2011 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2011 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2 Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3 Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4 Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Миле Бошески, директор

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола којашто е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизија на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

Цел на ревизија на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје не ги прикажала реално позициите во Билансот на состојба на ден 31. декември 2011 година поради неизвршен целосен попис на постојаните средства и на дел од побарувањата, неизвршен отпис на опремата утврдена како расход и погрешно пресметана амортизација и ревалоризација на средствата. Поради наведеното, ние не бевме во можност да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење за Билансот на состојба на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, за 2011 година.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 09.05.2012 до 01.06.2012 година кај НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија на ден 27.08.2012 година.

Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор број 21-132/4 од 05.09.2012 година.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2011 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

## 3.1. Усогласеност со закони и прописи

3.1.1. Со извршениот увид и контрола во апликативниот софтвер за пресметка на платите ревизијата констатира дека пресметката на надоместоците за прекувремената работа, работа ноќе и работа во денови на празници и неработни денови утврдени со закон се врши на основната плата зголемена за минатиот труд на вработените, што не е во согласност со член 51 од Колективниот договор на НУ НУБ “Св. Климент Охридски“ - Скопје и член 17 од Општиот колективен договор за јавениот сектор на РМ кој предвидува дека додатоците на плата се пресметуваат на основната плата односно дека основната плата се зголемува по час за надоместоците за прекувремената работа, работа ноќе и работа во денови на празници и неработни денови. Наведената состојба е поради слабости на софтверската апликација што доведува до незаконско користење на средствата на Библиотеката.

Одговорните лица во Библиотеката во текот на вршење на ревизијата преземаа мерки за надминување на недостатоците во апликативниот софтвер за пресметка на платите во делот на додатоците на основната плата и истите се отстранети.

3.1.2. Одговорното лице за водење и ажурирање на матичната книга и персоналните досиеја на вработените (референт за работни односи) не превземало активности за ажурно средување на персоналната евиденција на вработените поради што во досиејата недостасуваат договори склучени со вработените, решенија издадени од министерот за култура за стекнатите стручни звања на вработените (виш и советник библиотекар) и не е извршено враќање на работничките книшки на поголем број на вработени и покрај тоа што Библиотеката имала обврска да ги врати најкасно до 04 ноември 2008 година. Утврдените состојби не се во согласност со член 15 став 2 од Законот за работните односи, Законот за изменување и дополнување на Законот за работни односи („Сл.Весник број 106/08), Законот за архивска граѓа и член 3 од Уредбата за канцелариско и архивско работење.

Непочитувањето на наведените законски и подзаконски акти има за ефект во персоналните досиеја на вработените да недостасуваат потребните документи од кои може да се утврди фактичката состојба како основа за остварување на правата од работен однос.

**Препорака**

Одговорното лице на Библиотеката да одреди лице кое ќе изврши средување на персоналните досиеја на вработените, согласно законските и подзаконските акти.

## 3.2. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

3.2.1. Ревизијата имаше ограничување во примена на ревизорските постапки за утврдување на точноста на износот од 905 илјади денари исплатен од две сметки на Библиотеката на ставката Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, поради тоа што во фактурите за потрошена вода и изнесување на смет освен за Библиотеката, се пресметани и искажани потрошената вода и трошоците за изнесување на смет кои се однесуваат на четири правни субјекти потрошувачи кои користат под закуп простор на Библиотеката. Во договорите за закуп е утврдено дека закупецот се обврзува за целото време на траење на договорот да ги измирува сите тековни материјални трошоци за комуналии, но Библиотеката не ги задолжува и не евидентира побарувања за потрошена вода и изнесување на смет. Причина за тоа е што во договорите за закуп не е децидно наведено на кое правно лице треба да се уплатат овие трошоци, односно дали на Министерството за култура кое ја спроведува постапката за издавање на просторот и кое е потписник на договорите за закуп или на сметка на Библиотеката која ги плаќа трошоците за вода и смет за просторот што го користат закупците, како и поради немање пишан акт со кој ќе се уредат меѓусебните права и обврски со потрошувачите. Ваквото постапување не е во согласност со член 19 став 5 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и со Законот за облигациони односи.

Утврдената состојба доведува до зголемување на трошоците за вода и изнесување на смет за сметка на закупците и ненаменско и незаконско користење на средствата одобрени од Министерството за култура.

По овој основ од оваа сметка се исплатени 862 илјади денари.

**Препорака**

Директорот на Библиотеката и надлежното Министерство да превземат мерки и активности за надминување на утврдената состојба во најкраток можен рок, со што ќе се разграничат трошоците соодветно на секој потрошувач.

### Биланс на состојба

3.2.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на постојаните средства во Билансот на состојба, поради не извршен попис на ден 31.12.2011 година на начин уреден со членот 28 до 35 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 20 и 21 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за тоа се следниве утврдени состојби:

- Пописната комисија не извршила вредносно усогласување на состојбата на средствата и нивните извори искажани во сметководството со фактичката состојба утврдена со пописот, односно извршен е само физички попис на материјалните средства,

поради што не е утврдена евентуална материјална и вредносна разлика;

- Одлуките од Управниот одбор за усвојување на извештаите од пописната комисија за попис на основни средства и ситен инвентар се донесени на 01.03.2012 година, односно по законски утврдениот рок до 08.02.2012 година;
- Не е извршено сметководствено отпишување на опремата утврдена како расход во Извештајот за извршениот попис и Одлуката од Управниот одбор за усвојување на Извештајот;
- Не е извршено означување на сите средства со инвентарни броеви;
- Не е извршен попис на апликативните софтвери и на дел од опремата;
- При пресметка на амортизацијата за дел од опремата не се применети соодветни стапки согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници;
- При пресметка на ревалоризација на дел од новонабавената опрема и книжниот фонд не се применети соодветни стапки на ревалоризација, а на дел од новонабавениот книжен фонд не е пресметана ревалоризација.

Неправилностите во извршениот попис не даваат доволно уверување за реалноста и објективноста на состојбите прикажани во финансискиот извештај Биланс на состојба на ден 31.12.2011 година.

**Препорака**

Директорот на Библиотеката да донесе интерен акт за вршење попис со кој ќе се обезбеди дека пописните комисии своето работење и извршување на надлежностите кои се однесуваат на пописот ќе ги вршат со цел утврдување на фактичката состојба на сите средства со кои располага Библиотеката и нивно усогласување со сметководствената евиденција, а во рок и на начин како што се предвидени со Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

Одговорното лице во сметководство пресметката на амортизација и ревалоризација на средствата да ја врши согласно одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

3.2.3. Ревизијата утврди салдо на сметка Краткорочни побарувања од вработените на 31.12.2011 година кое изнесува 53 илјади денари и е пренесено од минати години. Не е извршен попис на овие побарувања на крајот на годината поради што ревизијата не беше во можност да ја потврди точноста, како и старосната структура на истите. Со увид во документацијата од минати години ревизијата утврди дека овие побарувања од вработените се по основ на дадени аванси за службени патувања во странство во период од 2005 до 2008 година и се резултат на ненавременото раздолжување и поднесување на налозите за службени патувања и други сметки, што не е во согласност со чл.31 од Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и чл.24 од Уредбата за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

**Препорака**

Комисијата за попис на побарувањата за кои не постои уредна документација да ги искаже во посебни пописни листи, да ја утврди правната основа за постоење, да потврди дека ненаплатените побарувања се уредно, хронолошки, целосно и правилно евидентирани во сметководствената евиденција, дали и какви мерки се преземени за наплата на побарувањата кои потекнуваат од минати години и да се предложат мерки за наплата или отпис.

**Користење на средствата согласно законските прописи**

**3.3. Јавни набавки**

Со цел стекнување уверување за усогласеноста на користењето на средствата НУ НУБ „Св. Климент Охридски“ - Скопје за 2011 година согласно Законот за јавни набавки, извршивме ревизија на начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки од аспект на законските барања: обезбедување на конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман, транспарентност и рационално и ефикасно искористување на средствата, како и на реализацијата на доделените договори за јавни набавки.

Со ревизијата беа опфатени вкупно 22 постапки за јавни набавки спроведени во 2010 и 2011 година по кои се склучени договори во вкупен износ од 35.070 илјади денари.

3.3.1. Со извршениот увид во документите и евиденциите за спроведените постапки за јавни набавки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас и отворена постапка кај дел од избраниот примерок, утврдени се следните неправилности:

- Планот за ЈН за 2011 година е донесен по законски предвидениот рок до крајот на јануари 2011 година, односно со задоцнување од 24 дена и истиот не е усвоен од Управниот одбор. Подоцна донесено е дополнување на годишниот план кој исто така не е усвоен од Управниот одбор и не е архивски заведен, поради што не се уверивме дека набавките се добро испланирани што не е во согласност со член 14 и член 25 од Уредбата за канцелариско работење и член 26 од Законот за јавни набавки;
- Директорот на Библиотеката не определил лице за следење на реализацијата на договорите односно проверка на фактурите во однос на договорите – понудите по вид, количина и цена на производите и услугите, што не е во согласност со член 29 од Законот за јавни набавки;
- Комисијата за јавни набавки кај постапките со прибирање на понуди нема воспоставена пракса да потпишува изјави за судир на интереси, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки;
- Записниците и договорите склучени за набавка на стоки и услуги со постапка за прибирање на понуди без објавување на оглас не ги содржат сите елементи пропишани од страна на Бирото за јавни набавки.

3.3.2. Во 2011 година од повеќе сметки на Библиотеката извршени се плаќања во вкупен износ од 1.144 илјади денари за набавка на стоки и услуги врз основа на спроведени постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас во 2010 и 2011 година, кои не се во согласност со Законот за јавни набавки, и тоа:

- Поедноставената тендерска документација не е комплетна и содржи само технички спецификации за предметот на договорот за јавна набавка, но не и информации за начинот на подготовка и рокот за поднесување на понудите и не се дефинирани документите за потврдување на способноста на економскиот оператор чија понуда ќе биде избрана за најповолна, што не е во согласност со член 101 став 1 и со член 102 од Законот за јавни набавки;
- Економските оператори чии што понуди се избрани за најповолни не доставиле документи за потврдување на способноста за вршење на дејноста од таа област, при што договорниот орган требало да ги покани наредните рангирани економски оператори или да ги поништи постапките, што не е во согласност со член 102 став 5 и 7 од Законот за јавни набавки;
- Договорите не се потпишани во законски пропишаниот рок и најчесто се потпишуваат во рок од два дена од денот на испраќањето на известувањето, додека кај две постапки извршена е набавка пред да се склучи договор, што не е во согласност со член 208 став 2 од Законот за јавни набавки .

Од оваа сметка се исплатени средства во износ од 419 илјади денари.

3.3.3. Во 2011 година од повеќе сметки на Библиотеката извршени се плаќања во вкупен износ од 259 илјади денари по спроведени постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, за набавка на материјали за хигиена, канцелариски материјали, ситен инвентар и електроматеријали за кои ревизијата утврди проширување на асортиманот, односно производи за кои не е спроведена дополнителна постапка со преговарање без претходно објавување на оглас, што не е во согласност со член 99 став 4 од Законот за јавни набавки. Причина за ваквата состојба е тоа што во Библиотеката нема одредено лице кое ќе ја следи набавката согласно договорените цени и количини.

Од оваа сметка се исплатени 111 илјади денари за материјали за хигиена, канцелариски материјали и електроматеријали.

Неспроведувањето на дополнителна постапка за јавна набавка има за ефект намалена транспарентност, фер конкуренција, објективност при изборот на понудувачите и економично трошење на средствата. (Прилог број 2)

**Препорака**

Одговорното лице да врши набавки на стоки и услуги за кои претходно е спроведена постапка за јавна набавка и да определи лице за следење на реализацијата на договорите, односно ќе врши проверка на фактурите во однос на договорите по вид, количина и цена на стоките и услугите, со што ќе обезбеди

набавките на стоки и услуги да бидат во согласност со понудите и склучените договори за јавна набавка.

**Вкупни ефекти од наодите**

Врз основа на изнесеното во точка 3.2.2. и 3.2.3, погоре ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на постојаните средства прикажани во Билансот на состојба на ден 31. декември 2011 година, како и на побарувањата поради нецелосно спроведен попис, неизвршен отпис на опремата утврдена како расход и погрешно пресметана амортизација и ревалоризација на средствата.

## 4. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиските извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 3.2.2. и 3.2.3. ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за Билансот на состојба на НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје, сметка на основен буџет (603-15), на ден 31. декември .2011 година. За резултатот од финансиските активности за 2011 година, ревизијата изрази позитивно мислење.

**Мислење за усогласеност со законите и прописите**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 3.1., 3.2. и 3.3. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на НУ - НУБ „Св. Климент Охридски“ – Скопје – сметка на основен буџет (603-15), не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени практики.

## 5. Прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања

Поради спроведени погрешни книжења на дадени аванси за службени патувања на вработени во минати години, во текот на ревизијата е извршена корекција во сметководствената евиденција со која се зголемуваат ПВР, а се намалува државниот капитал за износ од 44 илјади денари. Корекцијата е спроведена во налог за книжење бр. 0002 и бр.0003 (симбол 03 ) од 02.01.2012 година.

Скопје, 08.10.2012 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2011 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| | | |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 83.869 | 63.553 |
| **Вкупно приходи** | **83.869** | **63.553** |
| | | |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати и надоместоци | 38.766 | 36.166 |
| Стоки и услуги | 43.164 | 17.503 |
| Субвенции и трансфери | 427 | 139 |
| **Вкупно тековни расходи** | **82.357** | **53.808** |
| | | |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 1.512 | 9.745 |
| **Вкупно капитални расходи** | **1.512** | **9.745** |
| | | |
| **Вкупно расходи** | **83.869** | **63.553** |
| | | |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **0** | **0** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **2011** | **2010** |
| **Актива** | | |
| | | |
| **Тековни средства** | | |
| Побарувања од вработените | 53 | 242 |
| Активни временски разграничувања | 11.773 | 11.292 |
| **Вкупно тековни средства** | **11.826** | **11.534** |
| | | |
| **Постојани средства** | | |
| Нематеријални средства | 302 | 340 |
| Материјални средства | 214.552 | 199.609 |
| **Вкупно постојани средства** | **214.854** | **199.949** |
| | | |
| **Вкупна актива** | **226.680** | **211.483** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 8.874 | 8.207 |
| Краткорочни финансиски обврски | 82 | 200 |
| Обврски спрема државата и други институции | 2 | 0 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 2.832 | 3.028 |
| Пасивни временски разграничувања | 36 | 73 |
| **Вкупно тековни обврски** | **11.826** | **11.508** |
| | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 214.854 | 199.975 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **214.854** | **199.975** |
| | | |
| **Вкупна пасива** | **226.680** | **211.483** |

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2011 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| | | во 000 денари |
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| **Состојба 01.01.2011 година** | 199.976 | **199.976** |
| **Корекција од ревизија** | 27 | **27** |
| **Корегирана состојба на 01.01.2011 година** | **199.949** | **199.949** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **18.694** | **18.694** |
| Набавки | 1.435 | **1.435** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 14.857 | **14.857** |
| Останати зголемувања (пренесени основни средства наб.+рев.вред.од с-ките 787,631,донации: Кобис,Ајфел, Цкс,Изум-Марибор) | 2.402 | **2.402** |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **3.789** | **3.789** |
| Амортизација | 3.789 | **3.789** |
| | | |
| **Состојба 31.12.2011 година** | **214.854** | **214.854** |